МАКЕДОНСКА РИЗНИЦА

ЕЛЕКТРОНСКО СПИСАНИЕ

01

АВГУСТ 2012 | БРОЈ 1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МАКЕДОНСКА РИЗНИЦА

ГЛАВЕН УРЕДНИК, ДИЗАЈН
И ТЕХНИЧКА ОБРАБОТКА:
Александар Стеванов

ЗАМЕНИК УРЕДНИК
ЛЕКТУРА И КОНТАКТ:
Дукадин

ЗАМЕНИК УРЕДНИК:
Благојче Андонов

СОРАБОТНИЦИ:
Кире Филов
Радмила Симевска
Цане Николовски
Димитар Љоровски Вамваковски
Владо Јаневски
Виолета Матијевиќ

01

ОД УРЕДНИКОТ:

Почитувани читатели,

Два дена по големиот македонски празник Илинден, чест и задоволство ни е да Ви го претставиме првиот број на електронското некомерцијално списание „Македонска ризница.“

Списанието пред сè ќе биде наменето за теми од македонската историја, но не само онаа која на ова наше тло се случувала во дамнешното минато, туку и таа која што преку македонските собири, прослави и чествувања продолжува да опстојува до ден денес.

Ќе биде одвоен простор и за македонската култура и уметност, како и за случувања и личности кои што намерно или случајно не се опфатени во мејнстрим медиумите.

Во овој прв број на „Македонска Ризница“ ќе можете да прочитате за македонските премиери со потекло од градот Штип и интервју за македонскиот јазик со еден хрватски лингвист, да погледнете два кратки стрипа и неколку разгледници од Скопје после земјотресот, а преку фотографија и текст ќе Ве пренесеме и на собирите во Разловци и Овчарани.

Секако главната тема на бројот е големиот македонски празник – Илинден.

ВО ОВОЈ БРОЈ ЌЕ ЧИТАТЕ:

Штипските премиери на Македонија
М-Р КИРЕ ФИЛОВ....04

Разловци 2012
РАДМИЛА СИМЕВСКА....08

Спроти Илинден
ЦАНЕ НИКОЛОВСКИ....13

Разгледници: земјотресно Скопје - 1963
АЛЕКСАНДАР СТЕВАНОВ....14

Илинден - 2. Август 1903
М-Р ДИМИТАР ЉОРОВСКИ ВАМВАКОВСКИ....18

Светот на Бромо
ВЛАДО ЈАНЕВСКИ....21

Една мисла на Никола Ј. Вапцаров
РЕДАКЦИЈА....22

Земја
НИКОЛА ЈОНКОВ ВАПЦАРОВ....24

Интервју со хрватскиот лингвист Мате Каповиќ
БЛАГОЈЧЕ АНДОНОВ....24

Овчарани 2012
БЛАГОЈЧЕ АНДОНОВ....28

Двајцата (спомен од Илинденското востание во костурско)
А.Д....30

ШТИПСКИТЕ ПРЕМИЕРИ НА МАКЕДОНИЈА

Штип отсекогаш бил расадник на познати македонски револуционери, државници и политичари. Не само што биле активни на македонската политичка сцена, туку учествувале во значајни настани и на југословенската и балканската политичка сцена.

Во текстот ќе се задржиме на премиерите од Штип во периодот од 1945 до 1991 година.

Прв во редот од штипските премиери е Љупчо Арсов (Штип, 19. мај 1910 – Скопје, 1986 година). Комерцијално и економско училиште завршил во Загреб. Уште како студент се вклучил во напредното младинско движење. Станал член на Комунистичката партија во 1940. година. Извесно време бил секретар на реонски комитет во Белград и инструктор на Месен комитет во Ваљево.

Пред почетокот на Втората светска војна бил банкарски службеник. По окупацијата во 1941 година се вратил во Македонија, каде веднаш, прво во Штип, а потоа во Битола се вклучил во подготовките за вооружено востание.

Во 1942 година бил уапсен од бугарските власти и интерниран во Бугарија. По излегувањето од затвор во 1943 година, станал секретар на Окружниот комитет на Комунистичката партија на Југославија за Македонија во Штип.

По формирањето на КПМ бил избран за политички комесар на „Првата“ и „Петтата“ опреативна зона и член на Обласниот комитет на КПМ во Скопје.

Од август 1944. година е член на Главниот Штаб на НОВ и ПОМ и член на Бирото на ЦК на КПМ.

Бил избран за народен пратеник на Првото заседание на АСНОМ, а потоа, заедно со д-р Владимир Полежиноски, бил избран за секретар на Президиумот на АСНОМ. По ослободувањето бил на одговорни партиски и државни функции.

По формирањето на првата народна влада на Лазар Колишевски, Владимир Полежиноски бил потпретседател и министер за финансии. За премиер, односно, претседател на извршниот совет на Собранието на СР Македонија, бил избран на 19. декември 1953 година и оваа функција ја извршувал во неколку мандати, односно до 26. јуни 1963 година. Оваа година бил избран за претседател на Собранието на С. Р. Македонија со едногодишен мандат.

Бил прогласен за *Народен херој* на Југославија и *Јунак на социјалистичкиот труд*. Носител на партизанска споменица од 1941 година. Трагично го загубил животот во Скопје 1986 година.

19. декември 1953 година, состав на Владата на Македонија:

- Љупчо Арсов, претседател
- Крсте Црвенковски, потпретседател
- Вера Ацева, член
- Наум Наумовски, член
- Филип Брајковски, член
- Киро Георгиевски, член
- Ристо Џунов, член
- Злате Билјановски, член
- Даре Џамбаз, член
- Аспарух Каневче, член

15. април 1958 година, состав на Владата на Македонија:

- Љупчо Арсов, претседател
- Страхил Гигов, потпретседател
- Методи Митевски, член
- Александар Грличков, член
- Вера Ацева, член
- Ристо Џунов, член
- Мито Хаџивасилев, член
- Благој Попов, член
- Васил Ѓоргов, член
- Трајче Грујоски, член
- Реис Шакири, член
- Мориц Романо, член
- Петар Здравковски, член
- Мито Мицајков, член
- Асен Симитчиев, член
- Филип Брајковски, секретар

По завршувањето на мандатот на Љупчо Арсов, на 25. јуни 1963 година била избрана нова влада. За нејзин претседател бил избран проф. д-р Александар Грличков (1923, Штип - 1989, Струга).

Александар Грличков е роден во 1923 година, во Штип. Бил учесник во НОБ на Македонија од 1941 година. Член на КПЈ станал во 1943 година. Бил професор на Економскиот факултет во Скопје и на факултетот за политички науки во Белград. Бил член на Собранието на С. Р. Македонија во 1958 година. Претседател на Извршниот совет на С. Р. Македонија (премиер)

бил во периодот од 25. јуни 1963 до 11. мај 1965 година. Во времето кога Грличков бил премиер, на 26. јули 1963 година, се случил катастрофалниот земјотрес во Скопје. Грличков појавил видна општествена активност на полето на санација на штетите преку прибирањето помош за настраданото население.

Бил член на Извршниот комитет на ЦК на КПМ, сојузен пратеник, потпретседател на Сојузниот извршен совет и член на Претседателството на ЦК на СКЈ.

Како научен работник бил насочен кон анализа и синтеза на меѓународните економско-политички односи и на развојот на еврокомунизмот и третиот свет, односно светот на неврзаните.

Автор е на повеќе научни трудови од областа на генезата и анализата на евро-комунизмот, движењето на неврзаните, меѓународното работничко движење и актуелните прашања од развојот на современиот свет.

Починал во Струга во 1989 година.

Составот на владата од 25 јуни 1963 година:

- д-р Александар Грличков, претседател
- д-р Асен Симитчиев, потпретседател
- Кемал Сејфула, потпретседател
- Живко Брајковски, член
- Васил Гривчев, член
- Трпе Јаковлевски, член
- Веселинка Малинска, член
- Осман Мифтари, член
- Гога Николовски, член
- Мориц Романо, член
- Ангел Чемерски, член
- Мире Доневски, секретар

Македонската политичка сцена сè до 1991 година немала премиер штипјанец. Штипјани ја имале таа чест да го имаат првиот премиер на независна и самостојна Македонија во 1991 година. Тоа е Академик Никола Кљусев (Штип, 2. октомври 1927 – Скопје, 16. јануари 2008 година).

Бил прв претседател на Влада на Република Македонија по распаѓањето на СФР Југославија и осамостојувањето на Македонија и воведувањето на повеќепартискиот парламентарен систем.

Дипломирал на Економскиот факултет, на Универзитетот во Белград во 1953 година. На истиот факултет, во 1964 година одбранил докторска дисертација и се стекнал со титулата доктор на економски науки.

Во периодот од 1953 – 1960 година работел во Институтот за научни истражувања на индустријата на СР Македонија во Скопје, а потоа од 1960 до 1968 година, работел на Економскиот факултет во Скопје.

Од 1972 година е редовен професор на Економскиот факултет. За дописен член на МАНУ е избран во 1988 година, а во 1996

година и за редовен член. На 20. март 1991 година, од страна на повеќепартиското собрание на Република Македонија бил избран за претседател на првата (експертска) влада на Македонија.

Во неговиот кабинет имаше тројца потпретседатели и 19 министри. Како премиер во овие бурни времиња за Македонија, Кљусев успеа монетарно да ја осамостои Македонија, со тоа што ја воведе паричната единица денар, со која беше заменет дотогашниот југословенски динар.

На 4. септември 1992 година, Собранието изгласа недоверба на владата на Никола Кљусев. Како член на партијата ВМРО-ДПМНЕ, во периодот од 28 декември 1999 до 14 мај 2001 година е избран за министер за одбрана во владата на Љубчо Георгиевски.

Почина во Скопје на 16. јануари 2008 година.

Состав на Владата од 20. март 1991 година:

- Акад. Никола Кљусев, претседател
- Јован Андонов, потпретседател
- Акад. Блаже Ристовски, потпретседател
- д – р Ристо Дамјановски, член
- д – р Иван Ангелов, член
- д – р Димитар Димитров, член
- д – р Јане Миљовски, член
- д – р Љубомир Фрчковски, член
- Мартин Тренески, член
- м – р Методија Тошевски, член
- Јордан Мијалков, член
- д – р Перко Колески, член
- Илјаз Сабриу, член
- д – р Денко Малески, член
- м – р Ѓорѓи Наумов, член
- Илија Андонов – Ченто, член
- м – р Алаудин Тоска, член
- акад. Цветан Грозданов, член
- д – р Александар Лепавцов, член
- Стојан Трајановски, член
- д – р Ѓорѓи Ефремов, член
- д – р Гоце Петрески, член
- д – р Никола Крлески, секретар

Освен овие личности, секако не треба да се заборават и другите личности кои земале активно учество во креирањето на македонската политика.

Така, првиот претседател на независна Македонија, Киро Глигоров (учесник во НОБ, секретар на АСНОМ), Емануел Чучков (учесник во НОБ, министер во Сојузната влада на Југославија), Јордан Мијалков (член на првата влада на независна Македонија) и други, се македонски политичари кои се родени во Штип.

Како во минатото, така и во најновата политичка историја на Македонија, Штип продолжува да дава квалитетни политички лидери, кои се спремни да се носат со предизвиците на модерните политички текови.

М-Р Кире Филов

РАЗЛОВЦИ 2012

20 МАЈ

Фотографии од одбележувањето на 136 години од Разловечкото востание во село Разловци (општина Делчево).

ФОТО: Радмила Симевска







































СПРОТИ ИЛИНДЕН

Летото 1903. беше многу убаво. Нивите натежнаа од род, гранките на овошките (зарделиите, праските, сливите и други) се кршеа од род, а во бавчине имаше тикви стамболки големи колку шиник. Ливадите беа окосени, бостаните беа полни со дињи бадемки и лубеници мраморки.

Марена помина и пред да се отвори гумното и вршењето, селаните од Загорани со радост го очекуваа Илинден, за да појдат на гости во соседното село Веселчани, оти таму им беше светден и малку да се одморат, оти уште од Петровден не се одмориле.

Вечерта, спроти празникот, небото беше чисто и ведро, многумина што беа собрани кај гумноно трпоско гледаа како доаѓаат откај Крушево чудни светлинки и нешто како да пука, но не можеа да сетат што е. Бидејќи беа уморни си отидоа дома и си позаспаа.

Следното утро беше Илинден. Иако празник некој мораше да ги истера воловите на пасење. Редот му се падна на Анѓеле, син на Петре Јонов Бозоски. Во волненото торбе мајка му Доста му стави леб и сирење. Анѓеле ги потера волојте накај Црна земја. Кај Торојца го сретна Недана, братучед му и му рече:

- Недан, нека попасат волојве, јас да ја наполнам матеркава со вода од долна чешма (со таа вода можеш да изедеш еден сомун леб со старо сирење, толку што е убава).

- Добро, рече Недан. Ај, после ќе ги тераме боротинсконо, што троска има. Така и бидна. Таму го најдоја и Трајчета Цолета. Стоката се запаси, а децата се заиграа бишка, ложана и кусо петле. Така дојде време и за на мерис.

И тогај, од кај Крушево, до ушите на децата допре силно пукање од пушки и топови. Анѓеле многу се уплаши, почна да плачи и побегна дома. Кога го виде татко му Петре го праша:

- Што е Анѓеле, кај ти се волојте? Анѓеле гледајќи в земја рече:

- Ами, ми е страв од пукањето... Тогај Петре му врза една шлакајнца и му рече да оди назад кај стоката.

Јас многу страв претргав тој ден, оти бев дете, имав само осум години и не знаев дека комитите и славните војводи тој ден во Крушево направија прва Република на Балканот, мислев дека Турците пукаат на нас воларчињата. Вака ми раскажуваше дедо ми Анѓеле, Бог да му душа прости, во зимските вечери во почетокот од шеесеттите години од минатиот век.

Цане Николовски







РАЗГЛЕ

ЗЕМЈОТРЕСНО







ДНИЦИ:


СКОПЈЕ - 1963

ПОДГОТВИЛ:
Александар Стеванов


SKOPJE 26·JULI·1963 GOD.


Ско
26-V


ДОМ ЈНА ПРЕД 26.7.1963.
ДОМ ЈНА ПОСЛЕ 26.7.1963.
СКОПЈЕ


СКО
26.7


ије
III-63


SKOPJE
26-JULI-
1963 GOD.


ПЈЕ
7.63


СКОПЈЕ
ДОМ ЈНА И ЖЕЛЕЗНИЧКА СТАНИЦА ПРЕД И ПОСЛЕ 26. ЈУЛА 1963.

ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ

2. АВГУСТ 1903

Во колективната меморија на македонскиот народ длабоко е врежан датумот 2. август. Од една страна, тој претставува верски празник, ден кога се чествува пророкот Св. Илија, кон кого Македонците имаат длабока црковна и традиционална почит, но што е уште поважно, тоа е денот кога во 1903 година било дигнато Илинденско востание.

Патриотскиот чин на илинденците од 1903 година станал неисцрпен извор на револуционерна инспирација, постојано вршел поттикнувачко и мобилизирачко дејство врз новите македонски генерации, посебно за време на Народно-ослободителната војна (1941-44).

Во последните децени на XIX век на територијата на Македонија се случиле крупни настани кои придонеле Македонците својот пат кон ослободувањето да го бараат во организираниот начин на вооружено дејствување.

Ваквиот тек на настаните била вообичаена реакција во Османлиската империја и борбата на балканските народи за ослободување. Зад појавата на македонското национално-ослободително и револуционерно движење постоеле голем број објективни предуслови, како внатрешни, така и надворешни.

Покрај тешката положба на македонското население во сите сегменти од секојдневното живеење, големо влијание имала и ситуацијата на Балканот и Европа, т.е. нивните аспирации кон османлиското наследство.

Темелите на организацијата која го трасирала патот на македонскиот народ кон политичкото, економското и националното ослободување од османлиска доминација, биле поставени во градот Солун, на 23. октомври 1893 година. На овој датум, шестмина млади македонски интелектуалци (Даме Груев, Иван Хаџи Николов, д-р Христо Татарчев, Петар Поп Арсов, Андон Димитров и Христо Батанџиев) ја формирале Внатрешната македонска револуционерна организација (ВМРО).

Десетгодишното макотропно организирање и масовизирање на ВМРО резултирало со кревањето на Илинденското востание.

Во него учествувале околу 20 000 востаници, а најмасовно било во западна Македонија. Востаниците успеале да ослободат 3 градчиња - Крушево, Клисура и Невеска, но и голем број на села, посебно во костурската околија.

За оваа пригода, на читателите на весникот „Македонска ризница“, ќе им претставиме дел од дневникот на војводата Лазар Киселинчев, т.е. првите денови од востанието.

Лазар Киселинчев е роден на 20. јануари 1874 година во с. Косинец, а починал на 18. декември 1946 година во Софија, Бугарија. Киселинчев завршува петти клас во грчката гимназија во Атина.

Токму во Атина ги поставува и основите на Македонскиот комитет. Оттука заедно со Атанас Кршаков, Васил Чакаларов и Дељо Марковски организира канали за внес на оружје од Албанија и Грција кон Југозападна Македонија.

За Илинденско востание се враќа во својот роден крај да земе активно учество во настаните кои следеле.

Илинденското востание во костурската околија било објавено на 20. јули 1903 година. Меѓутоа востаничките дејствија започнале следниот ден, иако биле предвидени да започнат вечерта меѓу 20. и 21. јули.

Костурско било крепоста на ВМРО, една од најдобро организираните околии, која во текот на востанието исфрлила на терен над 2 000 востаници.

20. јули, недела, Косинец, и празник „Св. Илија“:

... Околу девет часот пристигна преку планината Дине поп Киров од Смрдеш. Ми донесе писмо од началниците. Бев сам дома, ме поздрави и ми кажа: „Ајде, аирлија да е“ и ми го подаде ковертот. Во него имаше едно долго писмо и едно друго, напишано со поголеми букви и под потписите подвлечено со црвена линија, од црвен молив, знак дека е од началството!

Не го дочитав и како луд почнав да викам „Ура“! „Ура“! „Ура“! Востанието е објавено. Тоа мое викање ги вознемири домашните и по кратко време ја видов мајка ми да ме гледа со еден исплашен и сериозен поглед и ми вика:

„Што викаш така, што ти е?“ Донето поп Киров побрза и кажа дека востанието е објавено и дека поради тоа се радувам! Добро, ама не се вика така, ќе слушне војската од Немановата куќа – кажа мајка ми. „Слуша, не слуша, пет пари не давам сега за тоа. Востанието за тоа се прави, да слушнат сите, да слушне Султанот, да слушне и Европа!“ – додава Донето.

Го повикав Трајко Марковски и членовите на селската комисија, како и селските војводи, им наредив да се соберете...

Поп Петар отиде да ги чукне камбаните за вечерната литургија во црквата, му кажав, ќе пее и утре, кога ќе дојдат сите востаници. После сите наредби напишав писмо на Насо во Смрдеш, со кое го канев утре да дојде околу 9 часот да ја нападнеме војската во Косинец...

21. јули, понеделник, „Гумениште“, северно од Косинец

...Повозрасните востаници се стројат околу своите десетари. Попот Петар ја удира малата камбана, едно дете големата, за да отидат востаниците во црквата за да ги благословат поповите.

Чукањето на камбаните беше знак со кои се известуваше целото население, а ние, робовите од Македонија, дека се разбудивме и готови сме да ја одмериме силата со Турците.

Ударите од камбаната беа сигнал со кои се известуваше дека Македонците востануваат како еден човек за својата слобода! Мене ми се причини дека времето бавно поминува, не знаев што не очекува... Гледав по врвовите на Грамос и си мислев, какви резултати ќе ни донесе ова востание? Еве едно ново прашање од големо значење за нас!

Ние веќе востанавме, ни престои една страшна борба за живот или смрт. Ќе можеме ли ние, една рака Македонци, да се бориме против Султановите војски?

Ќе допушти ли Европа нови колежи како тие над Ерменците? Не верувам! Ако не се замеша Европа во наша полза, таа сигурно ќе прати воени бродови во Солунските води и на крајот на краевите еве ќе се направи нешто!...


Бам! Бам! Бам! Последните удари од камбаните; тие удари долго време звучеа во моите уши. Зошто?...

М – Р Димитар
Љоровски Вамваковски

СВЕТОТ НА БРОМО



BROMOSWORLD.BLOGSPOT.COM



Владо Јаневски

ЕДНА МИСЛА НА

НИКОЛА Ј. ВАПЦАРОВ:

„Ние сме Македонци.
Затоа и нашето творештво треба да биде
во служба на македонската кауза.“

Никола Јонков Вапцаров „Реферат“,
1938 година



ЗЕМЈА

Над мојата земја
в небото
опира
Пирин
Облаците в бура
илинденски прикаски пејат,
охридскиот лазур е
бескрајно син и ширен,
а надолу уште
изгрејсонце Егеј го грее.

ДЕЛ ОД ПЕСНАТА „ЗЕМЈА" НА
Никола Јонков Вапцаров

ИНТЕРВЈУ СО МАТЕ КАПОВИЌ

Мате Каповиќ е дел од новата група на хрватски лингвисти, а воедно е и антиглобалист. Тој минатата година ја објави „Чив е јазикот“, книга која што предизвика многу полемики во Хрватска.

Во книгата е застапено и неговото гледиште за македоскиот јазик што беше и повод да го побараме за разговор.

Ова е интервјуто направено со него:

1. Јазикот, како средство за полесна комуникација, нема статички карактер, напротив. Со Вашата книга „Чиј е јазикот“, а и со Вашите ставови околу хрватскиот јазик, предизвикавте многу коментари во Хрватска. Дали вашите критики придонесоа за промена во поглед на хрватската лингвинстика?

На самиот почеток треба да се нагласи дека во медиумите моите ставови за јазикот се прогласени за „револуционерни“, но тоа не е точно. Повеќето работи за кои што зборувам се просто основа на лингвистиката. Меѓутоа, проблемот е во тоа што многу кроатисти не ги познаваат тие основи или дозволуваат национализмот и екстремно десните политички ставови да ја исклучат науката.

Како што напишав во уводот на книгата, не се

надевам дека некој од кроатистите ќе ги промени своите ставови – тоа едноставно не е можно. Мојата мисла водилка ми беше да понудам научен и прогресивен поглед на јазикот на младите стручњаци, кои сега почнуваат, да се баваат со јазикот, пред старите потполно да ги отруат, а на лаиците да им презентирам книга во која што ќе можат да прочитаат што вопшто е лингвистика, со оглед на тоа дека во текот на образованието и низ медиумите воглавно ги трујат и заглупуваат со апсолутни глупости.

Со оглед на големата читаност на книгата и на многуте пофалби, кои ги добив од нестручни лица, мислам, дека во тоа барем малку и успеав.

Лично лингвистички почнав да се развивам во 1990-ите години, кога атмосферата околу јазикот беше сè, само не и здрава. Една од целите ми беше да напишам таква книга каква што јас сакав да имав прилика да прочитам кога почнав да се интересирам за јазикот.

2. На Балканот постојано одредена етничка група го негира правото на друга за именување на својот јазик, па така цело време се јавува потреба да се брани некој од некого. На пример, бугарските и српските лингвисти со години го оспоруваат постоењето на посебен македонски јазик. Според Вас, која е посебноста на македонскиот јазик?

Треба да се знаат неколку основни факти. Јужнословенските јазици, како и други словенски јазици, каде немаше големи историски дисконуитети, го прави дијалектниот континиум. Тоа значи дека дијалектите со текот на времето се прелеваат еден во друг и тешко е да се одреди точна граница помеѓу нив.

На пример, хрватскиот говор на границата со Словенија, има повеќе заеднички карактеристики со словенечкиот, од оние кои што се подалеку од границата. Хрватскиот северно чакавски дијалект во Истра е многу поблизок со словенечкиот одошто јужно чакавскиот дијалект, кој што има голема сличност со западно штоковскоиот дијалект.

Тие западно штокавски дијалекти се прошируваат на источно штокавските дијалекти кои што одат напред до торлачкиот дијалект, кој што е близок до бугарскиот говор. Исто така, на пример, не е можно да се постави остра разграница помеѓу чешкиот и словачкиот или пак помеѓу рускиот и белорускиот говор. Кога се зборува за словенските јазици, а исто е и со повеќето други јазици, секогаш начелно се зборува за стандардни-литературни јазици.

Нема сомнеж дека постои и стандарден литературен македонски јазик. Тој е близок до бугарскиот јазик, но нема ништо лошо во тоа што Македонците го именуваат со свое име и што функционира како засебен стандарден јазик.

А ако зборуваме за дијалекти, тука нема смисла да подвлекуваме остри граници. Но стандардните јазици се секогаш политичко -

идентитетски прашања, а не работа (домен) на некоја научна лингвистичка проценка или анализа.

Бугарските посегања по македонскиот јазик се одраз на јазичниот национализам и империјализам, што е потполно непримерно и непотребно. Тоа е исто со она што грчката политика ѝ го прави на Македонија, само што во овој случај се работи за јазикот.

Невозможно е еден народ на друг народ да му наметнува, како би требал да се именува себе си, својата земја и својот јазик.

Но мислам дека Македонците на такви екстремистички и шовинистички ставови не треба да одговорат на ист начин, туку треба да повикуваат на толеранција, соработка и заедничка борба на обичниот народ за подобра иднина.

3. Каков е интересот за изучување на македонскиот јазик во вашата земја - Хрватска?

На Отсекот за славистика на Филозофскиот факултет во Загреб делува и катедра за македонистика. Таму и јас, на времето кога студирав, учев македонски јазик. Бидејќи не така одамна живеевме во заедничка држава, нормално е тоа што сè уште се чувствува одредена блискост со Македонија, Македонците, па и со македонскиот јазик.

Треба да се нагласи дека односот помеѓу хрвасткиот и македонскиот говорник е поинаков отколку односот помеѓу некои други јазици.

Покрај тоа што многумина Македонци барем пасивно знаат српски јазик, самите јазици, македонскиот и хрватскиот се доволно слични, па така комуникацијата без проблеми може да се одвива на хрватско-македонски, поготово со малку време за прилагодба.

4. Има двајца исклучителни хрватски македонисти Ватрослав Јагиќ и Горан Калоѓера, кои се активни во проучувањето и промовирањето на македонскиот јазик. Дали Вие сте учествувале и дали би учествувале на некој симпозиум во Македонија?

Покрај наведените, треба да го спомнам и не така одамна починатиот хрватски лингвист Далибор Брозовиќ, кој што беше член на МАНУ.

Лично 2008 во Скопје, во организација на Хрватската Матица и лекторатот за хрватски јазик на Филозовскиот факултет во Скопје, одржав предавање за односот помеѓу српскиот и хрватскиот јазик. Меѓународниот славистички конгрес во Охрид во 2008 година, за жал го пропуштив.

5. За разлика од Македонија, која не е ниту на почеток на преговорите за приклучување во Европската Унија, Хрватска оваа година ќе стане полноправна членка. Дали сметате дека освен финансиски бенефит, државите, кои претендираат да бидат дел од

Унијата, ќе имаат и големи културно – општествени придобивки?

Што се односува до јазикот, културата, тука членството во ЕУ нема ништо битно да промени.

Но се плашам дека се лажете ако мислите дека ќе имате финанциска корист со влезот во Европската Унија.

За Хрватска, а ќе биде исто и за Македонија, ако дојде до тоа, влез во Европската Унија ќе значи само присуство во неоколонијалната периферија на Европа и трајна неразвиеност. Во Хрватска во последните 20 години индустријата е потполно уништена и потребна е комплетна реиндустријализација.

Тоа е, за жал, со отворените граници и слободниот пазар во Европската Унија, во конкуренција со големите западноевропски корпорации, економски потполно е невозможно.

Во Хрватска премногу луѓе наседнаа на митот за просперитет, кој што нè чекал во Европската Унија, а вистината е сосема спротивна.

Европската Унија е недемократска и неолиберална творба, во која се води политика исклучително во корист, пред сè, на западноевропскиот капитал. Нема потреба, да се биде голем генијалец, за да се разбере што Европската Унија вистински носи. Посебно не во Македонија – доволно е да погледнете источно, кон Бугарија, и ќе видите дали таму се живее подобро по влезот на земјата во Европската Унија.

А да не зборуваме за ситуацијата јужно од Македонија, Грција, која веќе со децении е во Европската Унија, е во ужасна позиција, а тоа е благодарение, пред сè, на членството во еврозоната.

Благојче Андонов

ПРЕВОД ОД ХРВАТСКИ:
Виолета Матијевиќ

ОВЧАРАНИ 2012

20 ЈУЛИ

И оваа година во селото Овчарани традиционално се собраа Македонците од сите краишта на Македонија. Гостите имаа можност да видат повеќе фолклорни друштва од Овчарани, Демир Хисар и Куманово, како и можност да ги слушнат и да заиграат на прекрасните македонски народни песни и ора.

Македонците од егејскиот дел на Македонија покажаа дека постојат, дека го негуваат својот прекрасен дијалект и дека и покрај сите заложби на грчката пропаганда со создавање на паралелни собири, дека нема да ги поколеба во нивните напори за зачувување на македонското битие.

Грчката влада може средствата што ги користи за спречување на нашето постоење да ги искористи за попаметни работи, како лулка на цивилизацијата со тие средства нека обезбеди услови за школување на Македонците на нашиот мајчин македонски јазик, сепак како членка на ЕУ треба да покаже дека и кај нив се почитуваат основните човекови права.

А, ние Македонците до година повторно ќе одиме во Овчарани, а и во сите краишта каде живеат Македонците, каде ечи македонската песна и се играат македонските ора.

ФОТО И ТЕКСТ: Благојче Андонов













ДВАЈЦАТА

(Спомен од Илинденското востание во костурско)

Битката беше изгубена. Востаниците кои што без никаков ред отстапуваа, изморени, гладни и жедни, бавно слегуваа по северните стрмнини на „Црн врв“, за да ги заземат височините на Вич. Турските куршуми, кои просвируваа над нивните глави, не ги загрижуваа.

Последни одеа двајца. Тие со наведнати глави се симнуваа по гребенот, се престигнуваа и повторно одминуваа без да си речат ниту збор. Ниту свирежот на турските куршуми не ги загрижуваше. Тие одеа бавно и беа под страшниот впечаток на штотуку преживеаното – вечната разделба со многу свои другари, кои ги оставија како храна на орлите.

Кога стигнаа над селото, на височината „кулата“, тие инстинктивно запреа и се свртеа наоколу. Во нивните глави веднаш се појави необичната слика од трагедијата, која што неминовно ќе се случеше со селското население, кое сè уште не беше успеало да се повлече во планините.

- Аскерот е близу и многуброен. Уште малку и селото заедно со луѓето ќе биде унишено – рече едниот.

- Испразнувењето е задоцнето. Да направиме нешто додека се оддалечат жените – надополни другиот. Добро, уловувајќи го мигот, тие веднаш залегнаа и ги свртеа своите пушки кон аскерот, кој надоаѓаше од „кајнако.“

Наскоро височината се покри со чад. Аскерот запре. Се слушна воената труба. Еден одред тргна кон височината и град од куршуми се истури на „кулата.“

Додека аскерот ја заземаше височината, населението тргна по стрмните падини на Вич, а веќе празното село остана да ги чека своите разрушители.

Не по долго, голем столб од црн чад се вивна кон небото. Целото село гореше во пламен.

Така, по чудо, благодарение на херојството на двајцата, од срам и погубување беше избавено населението на селото Черешница на 27. август 1903 година.

А.Д.

ОБЈАВЕНО ВО ВЕСНИКОТ „ИЛУСТРАЦИЈА ИЛИНДЕН“, ГОДИНА 2., КНИГА 2 (12), СТР. 10-11, ЈАНУАРИ 1929 ГОДИНА.

ПРЕВОД ОД БУГАРСКИ:
Александар Стеванов



Можете:

да споделите – да умножувате, дистрибуирате, јавно да го прикажувате или јавно дигитално да го прикажувате делото.

Под следните услови:

Наведи извор — Морате да го наведете изворот на ист начин како што тоа го направил авторот или давателот на лиценцата (но не на начин кој би сугерирал дека тие ве поддржуваат вас или вашето дело).

Некомерцијално — Не смеете да го користите ова дело за комерцијални цели.

Без адаптирани дела. — Не смеете да го промените, трансформирате или да го адаптирате ова дело.

Доколку сметате дека имате што да кажете или покажете, испратете ни го на нашата електронска пошта.

Секогаш сме отворени за соработка.

Е-ПОШТА:
makedonska.riznica@yahoo.com